**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 19.07.2022

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 2855 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип
3. **Период опфатен со надзорот:** 5 јули 2022 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 јули 2022 година
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија)

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 5 јули 2022 година, на регионално ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 5 јули 2022 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, во рамки на документарната програма „Заборавени“, посветена на селото Вратница (прв дел), се емитувани изјави на гостин од Србија кој престојувал во селото, изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик (со вкупно времетраење од 3 минути и 55 секунди).

| **Наслов** | **Период на емитување на емисијата** | | **Период на емитување на изјавите** | | **Опис** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** | **Почеток** | **Крај** | |
| **„Заборавени“ (Вратница, прв дел)** – документарна програма | 06:11:06 | 06:57:50 | 06:48:51 | 06:51:51 | Во рамки на документарната програма „Заборавени“, посветена на селото Вратница (прв дел), се емитувани изјави на гостин од Србија, изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик |
| | | | 06:52:19 | 06:53:14 | |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, на 5 јули 2022 година, во рамки на документарната програма „Заборавени“, посветена на селото Вратница (прв дел), се емитувани изјави на гостин од Србија, изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***